Врз основа на член 8 став (5) од Законот за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, за месеците февруари и март 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 85/21), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕТВОРАЊЕ НА ПРИМЕНАТА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ГРАНТ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за претворање на примената финансиска поддршка во грант на физички лица кои вршат самостојна дејност.

## Член 2

Барањето за претворање на примената финансиска поддршка во грант на физички лица кои вршат самостојна дејност се поднесува на образец „Б-ПФПГ/СВД” отпечатен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-8895/1
22 декември 2021 година
Скопје

Министер за финансии
dr. Fatmir Besimi